

УЧИЛИШТЕН МАГАЗИН

# 2025
# ЈОСКА

БРОЈ 14 ГОДИНА II СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“ ГЕВГЕЛИЈА

# МЕДИУМСКИ КЛУБ

# ЈОСКА

•••



**Медиумски клуб Јоска**
**СОУ „Јосиф Јосифовски'**
**Гевгелија**

**Редакција**

**Уредник/ментор**
Тони Аврамов

**Заменик уредници**
Ѓорги Новаковски
Леана Јанковска
Андреј Димов
Јован Грозданов

**Новинари**
Тијана Атанасова
Виолета Руменовска
Благица Ступар
Никола Илиев
Стефанија Маркова
Никола Јанковски
Наташа Стојковска



# СОДРЖИНА

04 **ВИОЛЕТА РУМЕНОВСКА**
КАДЕ И ДА СИ ЗА БАДНИК И БОЖИЌ ДОМА ДА СИ!

06 **ТИЈАНА АТАНАСОВА**
БАДНИКОВИТЕ ОБИЧАИ: ТРАДИЦИЈА НА ЉУБОВ И ЕДИНСТВО

08 **СРЕДНОШКОЛСКА ЗАЕДНИЦА**
АКТИВНОСТИ ЗА НОВОГОДИШНИТЕ ПРАЗНИЦИ

09 **ПЕТАР ЈАНЧЕВ**
ВО МЛАДИТЕ Е СИЛАТА ЗА ПРОМЕНА ВО ОПШТЕСТВОТО

12 **ОД СТАРИОТ КАЛЕНДАР**
ОБИЧАИ ЗА КОЛДЕ

13 **ГЕВГЕЛИСКО ПРЕД ЕДЕН ВЕК**
ОБИЧАИ ЗА БАДНИК И БОЖИЌ



04

ЈОСКА 14

# КАДЕ И ДА СИ ЗА БАДНИК И БОЖИЌ ДОМА ДА СИ!

ВИОЛЕТА РУМЕНОВСКА



Зимата секогаш доаѓа со тежок здив, како стар раскажувач кој со секое вдишување ја оживува приказната за Божиќ. Снегот тивко паѓа врз страрите кровови, а во воздухот лебди мирис на студ и нешто свето – нешто што не може да се допре но може да се почувствува длабоко во градите.
Божиќ не е само датум, ниту празник – тоа е тивка светлина што се пробива низ темнината, тоа е шепот што ги буди најсветите емоции во човековата душа. Ова е време за семејството, за топлина, за љубов, за поврзување, простување, како срцето да станува празничен венец испреплетен со љубов и милост.
Ноќта пред Бадник е исполнета со најсилната топлина која одекнува до најдалечните места, обоени од нијансите на светлоста и искрите кои пламтат од коледарските огнови. Додека, во утринските часови улиците во секое село и град се претвораат во живи реки од детски гласови – мали ангели испратени да ја разнесат радосната вест.

Мали раце, цврсто стиснати околу бадниковите гранчиња и светла ѕвезда водилка – патоказ низ темнината на секојдневието, потсетик дека и најмалото светло може да го пробие најгустиот мрак. Таа е надеж во тешките мигови, патот до љубовта и мирот и симбол на онаа прва вистинска ѕвезда што го покажала патот кон пештерата, патот кон новиот почеток.
Бадниковото гранче, на изглед како и секое останато, не е само тенко безначајно дрвце – тоа е парче вечност, симбол на животот што никогаш не згаснува. Кога тоа гранче ќе заискри во огништето, искрите се воздигнуваат носејќи со себе скриени зборови и недоискажани желби. Пламенот се крева високо како да сака да го допре небото и ја води ноќта кон утрото.
Темјанот, нежен облак од молитви, се издигнува од рацете на домаќинот, а секој агол од куќата е прегрнат од неговиот сладок и впечатлив мирис. Тој е мост меѓу земјата и небото, златен конец што ги врзува срцата на луѓето со нешто повисоко од нив самите. Тивкиот чин на подкадување не е само обичај – тоа е момент кога времето престанува, а мирот се населува во секој дел од домот.







Бадниковата вечера е повеќе од обична традиција – таа е жива приказна која се пренесува од генерација на генерација како нишка што ги поврзува минатото, сегашноста и иднината. Во секое парче погача се крие надеж, а во секоја чаша црвено вино се одразува среќата и здравјето на семејството. Најстариот член со треперлива рака ја крши погачата, додека сите со нетрпение ја бараат паричката – симбол на благослов и успех, а оној што ќе ја пронајде ќе биде среќен цела година. Секое зрно од храната е молитва за богат род и бериќет, трпезата останува недопрена цела ноќ и во тој момент домот станува храм, а секој член на семејството – чувар на традицијата.
Утрото на Божиќ е раѓање на нов ден, отворена врата низ која влегува светлината на светот. Во воздухот се чувствува спокојство и некаква недофатлива радост, а секој поздрав „Христос се роди" е повеќе од збор – допир на душа со душа, мост што ги спојува луѓето без разлика на далечината меѓу нив. Божиќ е време кога непознатите луѓе се насмевнуваат малку повеќе, кога добрите дела се шират, допирајќи срца на невидлив, тивок начин – топло огниште среде ладна зима.

# БАДНИКОВИТЕ ОБИЧАИ: ТРАДИЦИЈА НА ЉУБОВ И ЕДИНСТВО





**Тијана Атанасова**

Дојде Бадник. Еден од нашите најзначајни христијански празници кој носи дух на љубов, поврзаност и обнова. Празник, посветен на Христовото раѓање. Бадниковите традиции, како што се подготвувањето на бадниковата вечера и палежот на бадниковото огниште, носат светло значење и вредности кои се пренесуваат од колено на колено. Иако некои традиции се различни, тие носат важна порака – љубов, поврзаност, вера и разбирање во семејството.

Најзначајниот обичај за Бадник е месењето на бадниковото лепче, кое содржи паричка скриена внатре. Таа претставува надеж за благосостојба, здравје и среќа во годината која следи. Бадниковата вечера се состои од посни традиционални јадења како баклава, риби, сарма, грав, печена тиква, суво овошје и најчесто вино. Секое јадење има свој симбол: рибата како симбол на плодноста, гравот како симбол на животот, а сармата и сувото овошје носат благосостојба и изобилство. На средината на масата најчесто се става саксија со жито со црвена свеќа на средината, што го симболизира новиот живот што го носи Христовото раѓање.





Кај некои обичаи, под масата се става кокошка која се пече утредента на Божиќ и симболизира благосостојба и плодност во текот на годината која следува.

Пред вечерата, членовите на семејството излегуваат надвор пред вратата и го канат Господ да им дојде на гости и да им донесе здравје, среќа, успех, пари...

Потоа се седнува на трпезата и најстариот член од семејството го крши лепчето. Првото парче му се дава на Господ, а остатокот се дели помеѓу членовите од семејсвтото, почнувајќи од најстариот па сè до најмладиот. Се верува дека кај тој што ќе се падне паричката, членовите треба да се „држат" за него во текот на годината. Важно е дека после вечерата, масата не се раскрева, бидејќи верувањето е дека Господ ќе дојде во текот на ноќта и ќе се послужи.

На трпезата не смее да се заборави и бадниковото гранче, кое симболизира нов живот, здравје и мир. Бадниковото гранче носи среќа и заштита во домот. Се верува дека било првото растение кое пораснало по раѓањето на Исус Христос.

Со секоја изминатата година, Бадник носи нови надежи и соништа, поттикнувајќи нè да бидеме подобри луѓе и да ги цениме оние што ги сакаме. Овој празник е вистински симбол на љубовта и верата, кои треба да ги негуваме не само на Бадник, туку и во текот на целата година.

Како што вели поговорката: „Кај и да си, за Бадник дома да си"







# СРЕДНОШКОЛСКА ЗАЕДНИЦА

## АКТИВНОСТИ ЗА НОВОГОДИШНИТЕ ПРАЗНИЦИ

Средношколската заедница при СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија заедно со Фондацијата „Ице Бегов“ на децата од Дневниот центар на децата со посебни потреби и Националната алијанса „Мајка Тереза“- Гевгелија, на штитениците им ги поделија пакетчињата и подароците во пресрет на Новата година.
Средношколската заедница исто така беше дел од новогодишниот базар што Општина Гевгелија го организира на градскиот плоштад секоја година.








# ПЕТАР ЈАНЧЕВ

## ВО МЛАДИТЕ Е СИЛАТА ЗА ПРОМЕНА ВО ОПШТЕСТВОТО

•••

НОВИНАР: БЛАГИЦА СТУПАР



**Кога е донесен Законот за младинско учество и младински политики и кои се неговите цел и примена?**
Законот за младинско учество и младински политики е донесен во 2020 година од страна на Собранието на Република Македонија со цел да се креираат и спроведуваат политики за млади. Да се зајакне учеството на младите во процесите за креирање на политики за млади, активно информирање и зголемување на свеста за младите за учество во процесот на донесување одлуки и политики и нивната општествена улога. Како и поттикнување волонтерство, младински активизам и младинска работа и поттикнување личен, професионален и социјален развој кај младите кои според дефиницијата во Законот се категорија на возраст од 15 до 29 години.

*Заштита на интересите на младите и поттикнување структурен дијалог на национално и локално ниво.*

**Што значи функцијата службеник за млади и што се неговите обврски?**
Според дефиницијата во Законот за младинско учество и младински политки, службеникот за млади претставува сервис за млади. Или наедноставно кажано, службеникот за млади е посредник или како што вообичаено велиме линк- врска помеѓу институцијата во којашто е вработен и младите во општината.

**СЛУЖБЕНИКОТ ЗА МЛАДИ ТРЕБА ДА БИДЕ ВО РЕДОВНА КОМУНИКАЦИЈА СО РАЗЛИЧНИТЕ ОБЛИЦИ НА МЛАДИНСКО ЗДРУЖУВАЊЕ И СО МЛАДИТЕ И СО АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ. И НА КРАЈ, ДА ПОДГОТВИ ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕГОВАТА РАБОТА И РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ.**





**Од кога започна имплементацијата на Законот во Општина Гевгелија?**
Имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики во општина Гевгелија започна во 2021 година. Меѓутоа, процесот одеше бавно имајќи предвид дека законот е релативно нов и имплицираше сериозен пристап и анализа за тоа што и како треба да постапат Општина Гевгелија и службеникот за млади во неговото спроведување. Спроведувањето започна со назначување службеник за млади и со измена и дополнување на Статутот на Општина Гевгелија, впрочем, како што налага и Законот, а потоа и преземање на сите други чекори за исполнување на обврските, за конечно да дојдеме до фазата за формирање и конституирање Локален младински совет. Мора да потенцирам дека постапката вооошто не е лесна и е сложена, за што ние како административни службеници побаравме измени и дополнувања на овој Закон.

**Која е постапката за формирање Локално собрание за млади и Локален младински совет?**
Доколку општините немаат формирано Локални младински совети, најпрво што треба да се да подготви и објави Јавен повик за формирање Иницијативен одбор, којшто пак има улога да формира Локално собрание на млади. По формирањето Иницијативен одбор, неговите членови носат одлука за распишување Јавен повик за членство во Локално собрание на млади, ги разгледуваат пристигнатите апликации и им го верифицираат мандатот во време од 2 години со можност за продолжување.

**КОГА ЌЕ СЕ КОНСТИТУИРА ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ, ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР СЕ РАСПУШТА ЗАШТО НЕГОВАТА ФУНКЦИЈА Е ЕДНОКРАТНА, ОДНОСНО ТРЕБА САМО ДА ЈА СПРОВЕДЕ ПОСТАПКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ.**



**Кој може да членува во Локалното собрание на млади и Локалниот младински совет и кој ги предлага членовите?**

И во двете институционални младински тела членуваат млади на возраст од 15 до 29 години жители на општината, а кои се дел од различни форми на младинско здружување. Тука спаѓаат: младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување. Што значи, дека, за да бидат младите дел од Локално собрание на млади и Локален младински совет, треба да се предложени од организации што делуваат на подрачјето на општината и имаат најмалку една година спроведено активности за млади. Важно е да се истакне, дека во Локалното младинско собрание организациите предлагаат делегат и заменик-делегат, а вкупниот број на членови не е ограничен.



Додека, за членови во Локален младински совет, организациите предлагаат само 1 младо лице, но вкупниот број членови во Локален младински совет треба да изнесува 1 третина од вкупниот број членови на Советот на Општината, не треба да биде помал од 5 и да биде непарен број. По завршувањето на нивните мандати од 2 години, повторно започнува постапката наново, само што се испушта делот со Иницијативниот одбор и веднаш се преминува кон распишување Јавен повик за членство во Локално собрание на млади, а потоа и распишување Јавен повик за членство во Локален младински совет. На овие повици, организациите можат да поднесат предлог за продолжување на мандатите за уште 2 години или пак да предложат нови млади за членови во двете тела.



# ОД СТАРИОТ КАЛЕНДАР

## ОБИЧАИ ЗА КОЛДЕ

Во книгата „Живот и обичаји народни“ од учителот Стефан Тановиќ (материјали што ги запишувал од гевгелиската каза, собирани до 1911 година), обичаите за Колде биле многубројни. Кога се стемнувало, денот пред Божиќ, децата од црничково дрво сечеле гранка и правеле стап од него. Секое дете си сечело за себе дрвце кое требало да биде тенко и заоблено на врвот. Стапот требало да се однесе дома и да преноќи.

Секоја домаќинка, утрото на Божиќ, станувала пред зори и замесувала тесто за колачиња, па ги обликувала во различни форми. Првото колаче што се печело се викало ‘какраконџул’. Првиот колач се чувал до Свети Јован. Штом ќе се испечеле сите колачиња, домаќинката од огнот земала неколку жарчиња и ги посветувала на дворот, шталата, нивите... со цел годината да биде среќна. После овој чин ги ставала жарчињата под вршникот.

Кога се разденувало децата се собирале во групи со стаповите што ги направиле од вечерта и оделе од куќа до куќа за да пеат, меѓутоа тие морале да влезат внатре во куќата и со стаповите да претат во вршникот, поточно во пепелта и да извикуваат: „пиу, пиу, пиу... квок, квок, квок... циу, циу, циу... “ После ова домаќинката ги дарувала со колачиња.

Одејќи по патот и пред врата, пред секоја куќа тие ги пееле следните стихови: „Колде, олелеле! Дај ми бабо кулаче да ти је живо малаче“.

Кога се враќале дома, колачињата ги ставале во чинија, а првото колаче што го добиле (го нарекувале ‘кулидачку’) го фрлале далеку од куќата. Доколку ова колаче падне во соседен двор не се фаќало со гола рака, затоа што се сметало дека на оној што ќе го допре ќе му се направат рани на раката, па нема да му се излечат до следниот Божиќ.

Во дваесеттите години од дваесеттиот век овој обичај изсчезнува, останува само обичајот да се собираат децата рано наутро на Колде и да пеат коледарски песни пред вратите на домаќините кои пак ги дарувале со колачиња.

Денес обичаите се сосема изменети, но сепак сочувани.











# ГЕВГЕЛИСКО ПРЕД ЕДЕН ВЕК
# ОБИЧАИ ЗА БАДНИК И БОЖИЌ

Ден пред Божиќ или Бадник. Во утрините децата пееле Колде. Тој ден домаќинката подготвувала различни јадења за вечера. Најпрво замесувала леб, онолку колку било потребно, односно, еден за Бадниковата вечер, и уште еден за третиот ден од Божиќ. Во лебот за Бадниковата вечер ставала сребрена паричка. Лебот за третата вечер се нарекувал гумно или урачув кулак. Се правел од истото брашно со кое се правел и лебот за Бадниковата вечер. На средината од вториот леб во кој немало паричка се ставало лук, за семејството да биде здраво.

Кога домаќинката ќе завршела со лебовите, правела вечера за Бадник. Готвела: посна сарма, сукје сарлија (сукана баклава), кисела каша од брашно, сусамница (врста на баница), грав... Сите јадења требало да бидат посни. Сарлијата се правела без зејтин, а да не загори тепсијата се премачкувала со кромид.



Домаќинот набавувал, ако нема своја, ракија, вино, суви смокви, ореви, бадеми, лешник, костени, наут (*леблебија*), јаболки, портокали, лимони, урми, кикирики и слично. Сите овие производи и не морало да се набават, но морало да има суво грозје, суви смокви и ореви, затоа што ова овоше се користело како лек.

Поради тоа што луѓето во тоа време не можеле лесно да одат во шума и да најдат бадниково дрво, многу често го заменувале со друго. Порано, сепак, домаќините оделе до шума и набавувале бадникови гранки. Но, се случувало да се употребува и горничка (дива круша), затоа што била плодна, па и годината да биде плодна и богата.

Домаќинот дрвото го внесувал во куќата без никакви ритуали и го ставал во оганот да гори, но кога го ставал во оганот, тогаш сите од семејството требало да бидат дома. Требало да седат триесеттина минути, па домаќинот прашувал:

- Сите ли сме дома?

- Сите сме!, – одговарале останатите.

- Аз’р ли сте? (подготвени ли сте?), – прашувал домаќинот.

- Аз’р сме!, – одговарале.

- Е, па тоги, да гу викме дедо Бужиќ на вичера!

Домаќинката ја метела софрата и на средината од неа го ставала лебот, овошјето, маџунот, малку туршија, лук и што имала подготвено. Домаќинот за оваа вечер чувал лубеница и калинка. Од софрата го земал лебот, сарлијата, и ракијата. Сите од семејството оделе пред влезната врата, ја отворале и најмладиот од семејството почнувал:

- Ела дедо Божиќ , да вичерме!

А некој од постарите одговарал:

- Вичирајте, синко, нек’ ви е слатко!

Сите овие реченици ги изговорале трипати, па се враќале и седнувале покрај софрата велејќи дека дедо Боже не може да дојде, но им го дал овој подарок (јадењето) да вечераат.

После ова домаќинот го земал лебот со паричката и го кршел делејќи го по следниот редослед: на Господ, на ралото, на воловите, на нивата, на лозјето, на куќата, па после на секој член од семејството, почнувајќи од најстариот до најмалиот. Во оној во кој ќе се паднела паричката се сметало дека среќата на семејството зависи од него.

Кога лебот ќе се поделел, домаќинот земал чаша со ракија и велел:

- Ка е арно , Госпуд нека даде! Сус здраве Бужиќ да прачекме, сус здраве да гу испратме, сус здраве и Нова година да прачекме; Госпуд здраве и касмет да даде, уд лошо да не чуве.Дубре са субраме, што субраме да кирдосме. Здра’ ми си!

Сите останати му одговараат:

- Спулај ми ти!

После вечерата софрата се остава до дследното утро, единствено можела да се покрие со бел чаршав.







МЕДИУМСКИ КЛУБ *ЈОСКА*

СОУ *ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ*

ГЕВГЕЛИЈА

Клуб ЈОСКА

# 2025

## Среќна Нова

СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“
ГЕВГЕЛИЈА
МЕДИУМСКИ КЛУБ ЈОСКА